СПЛОТЕНИ ВО ЕДНО - ИДНИНАТА
СО ЗНАЕЊЕ ЈА ГРАДИМЕ ВРЕДНО

# ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА 2022 - 2024



ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
„СВ. НАУМ ОХРИДСКИ“
ПЕШТАНИ, ОХРИД - ЈУНИ 2024

Република Северна Македонија
Општинско основно училиште
"СВ.НАУМ ОХРИДСКИ" с. Пештани - Охрид
Бр. 08- 180/2
05. 07. 2024 год.

*ООУ „СВЕТИ НАУМ ОХРИДСКИ“ – Пештани, Охрид*

*e-mail ounohridski@yahoo.com*

Врз основа на член 108 од Законот за основно образование ( Сл.весник на РСМ бр. 161/2019, 229/2020 ), Училишниот одбор на седницата одржана на 05.07.2024 година, петок ја донесе следната

**О Д Л У К А**

За разгледување и усвојување на Годишниот извештај за работа на училиштето за учебната 2023 – 2024 година

1. Училишниот одбор на ООУ„Св. Наум Охридски“ – Пештани, Охрид на седницата одржана на 05.07.2024 година го разгледа и усвои Годишниот извештај за работа на училиштето за учебната 2023 – 2024 година.
2. Одлуката стапува на сила од денот на нејзиното донесување.

Датум
05.07.2024

Претседател на Училишниот одбор
Јулија Тодороска Ајкоска

Република Северна Македонија
Општинско основно училиште
"СВ.НАУМ ОХРИДСКИ" с. Пештани - Охрид
Бр. 08-100/2
05. 07 2024 год.

Врз основа на член 108 од Законот за основно образование (Сл.весник на РСМ 161/19 ) и член 36 од Статутот на училиштето Училишниот одбор при ООУ “Наум Охридски “ – Пештани, Општина Охрид, ја донесе следнава:

## ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА

За Усвојување на Нацрт Извештајот од Самоевалуација за работа на училиштето 2022-2024 година

Се донесува Предлог – одлука за усвојување на Нацрт Извештајот од Самоевалуација за работа на училиштето ООУ “Наум Охридски “ – Пештани , Општина Охрид за период од 2022-2024 година

Република Северна Македонија Општинско основно училиште "СВ. НАУМ ОХРИДСКИ" с. Пештани - Охрид

Претседател на Училишен одбор
Јулија Тодоровска Ајкоска

Република Северна Македонија
Општинско основно училиште
"СВ.НАУМ ОХРИДСКИ" с. Пештани - Охрид
Бр. 08-100/3
05.07 2024 год.

Врз основа на член 108 од Законот за основно образование (Сл.весник на РСМ 161/19 ) и член 36 од Статутот на училиштето Училишниот одбор при ООУ "Наум Охридски " – Пештани, Општина Охрид, ја донесе следнава:

ОДЛУКА

За Усвојување на Нацрт Извештајот од Самоевалуација за работа на училиштето 2022-2024 година

Се одобрува Извештајот од Самоевалуацијата за работа на училиштето ООУ "Наум Охридски " – Пештани , Општина Охрид за период од 2022-2024 година

Претседател на Училишен одбор
Јулија Тодороска Ајкоска

ООУ „СВ. НАУМ ОХРИДСКИ“
ПЕШТАНИ, ОХРИД
e-mail: ou-svetinaumohridski-peshtani-ohrid@schools.mk

## 26. КОМИСИЈА ЗА ИЗРАБОТКА НА ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШТЕТО

- Валентина Рубаноска - директор
- Сања Ангелеска - педагог
- Лила Каранфилоска - одделенски наставник
- Даниела Шапкароска - предметен наставник
- Марина Спасеска - образовен асистент

Одговорни наставници на секции, тимови и организации

Директор
Валентина Рубаноска

Република Северна Македонија Општинско основно училиште „Св. Наум Охридски“ с. Пештани - Охрид

Претседател на Училиштен одбор
Јулија Тодороска Ајкоска

Јуни, 2024 година

Република Северна Македонија
Општинско основно училиште
"СВ.НАУМ ОХРИДСКИ" с. Пештани - Охрид

Бр. 03-84/3
12.06. 2024 год.

Наставничкиот совет на ООУ "Наум Охридски " – Пештани, Општина Охрид на седницата одржана на ден 12.06.2024 година го предложи Извештајот за самоевалуација за работата на училиштето на учебната 2022-2024 година и донесе:

МИСЛЕЊЕ

Согласно Законот за основно образование и согласно Статутот на училиштето Наставничкиот совет даде позитивно мислење за Извештајот на самоевалуација за работата на училиштето за учебната 2022-2024 година

Директор

Валентина Рубаноска

**СОДРЖИНА**


1. **Лична карта на училиштето.....7**
2. **Работни тимови по подрачја од рамката за самоевалуација .....8**
3. **Резиме од извршената самоевалуација .....9**
4. **Подрачје 1: Планирање, настава и учење.....10**
5. **Подрачје 2: Постигања на учениците.....12**
6. **Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето.....13**
7. **Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политика.....14**
8. **Сумативно: Јаки и слаби страни на училиштето спред резултатите.....15**
9. **Предлог- мерки за подобрување на квалитетот на работата на училиштето.....18**
10. **Комисија за спроведување на СЕУ.....19**

# Извештај од извршена самоевалуација

| Лична карта на училиштето | |
|---|---|
| Име на училиштето | ООУ „Св. Наум Охридски“, Пештани |
| Вид на училиштето | општинско основно училиште |
| Адреса, општина, место | Пештани, Охрид, Охрид |
| Основач на училиштето | Општина Охрид |
| Директор на училиштето | Валентина Рубаноска |
| Телефон | 046 285 595 |
| Факс | 046 285 595 |
| e-mail | ousvetinaumohridski-peshtani-ohrid@sckools.mk |
| web | www.ounaumohridski.com |
| Наставен јазик | македонски јазик |
| Период на самоевалуација | 2022 - 2024 година |

ООУ „СВ. НАУМ ОХРИДСКИ“
ПЕШТАНИ, ОХРИД
e-mail: ou-svetinaumohridski-peshtani-ohrid@schools.mk

**РАБОТНИ ТИМОВИ ПО ПОДРАЧЈА ОД РАМКАТА ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА**

| |
|---|
| **Подрачје 1: Планирање, настава и учење** |
| 1. Лила Каранфилоска – координатор<br>2. Сања Ангелеска<br>3. Гаврилоска Билјана<br>4. Марјан Иваноски<br>5. Валентина Мојсоска<br>6. Ана Стојкоска<br>7. Драгица Смилеска<br>8. Даниела Шапкароска |
| **Подрачје 2: Постигања на учениците** |
| 1. Мартина Гугоска – координатор<br>2. Виолета Илијевска<br>3. Валентина Плевнароска<br>4. Живко Ламбески<br>5. Ристе Стојоски<br>6. Снежана Ѓорѓиоска<br>7. Виолета Дафинческа<br>8. Василика Стојан |
| **Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето** |
| 1. Маја Цветкоска – координатор<br>2. Зоран Целески<br>3. Марина Мартиноска<br>4. Филип Илиески<br>5. Благоја Ристески |
| **Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политика** |
| 1. Сирма Ставреска – координатор<br>2. Емилија Митреска<br>3. Марина Шурбаноска<br>4. Татјана Јанеска<br>5. Слободанка Медароска<br>6. Билјана Колоска |
| **КОМИСИЈА ЗА ПРИБИРАЊЕ ПОДАТОЦИ И ИЗРАБОТКА НА ИЗВЕШТАЈ ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА** |
| 1. Стручна служба – Сања Ангелеска<br>2. Родител -<br>3. Предметен наставник - Сирма Ставреска<br>4. Предметен наставник - Маја Цветкоска<br>5. Одделенски наставник  - Лила Каранфилоска |

**РЕЗИМЕ ОД ИЗВРШЕНА САМОЕВАЛУАЦИЈА**

Врз основа на член 129, став 2, од Законот за основно образование (Сл. весник на РСМ бр. 161 од 5 август 2019), Комисијата за изготвување самоевалуација на работата на ООУ „Св. Наум Охридски“, Пештани, Охрид, за периодот од 2022 година до 2024 година, изврши самоевалуација на работата во училиштето. За секое подрачје беа формирани тимови. Секој тим за своето подрачје изврши проверка на потребната документација за секој индикатор одделно. Се спроведе електронска анонимна анкета со учениците, наставниците и родителите, во просек од една третина од вкупниот број на ученици и родители. Анкетирани беа 50 ученици, -50 родители и 30 наставници. Одговорните на подрачјата и нивните членови направија увид на целокупната документација која е именувана како извор на информации. Направени се интервјуа со директорот, стручната служба, претседателот на Училишен одбор и други инволвирани субјекти од значење во процесот на самоевалуацјата.

Комисијата во состав од пет члена, педагогот на училиштето, тројца наставници и еден родител, сите добиени податоци ги анализираше и врз нивна основа го донесе следниот извештај. За изготвување на Самоевалуацијата беа користени насоките од Законот за основно образование и Индикаторите за квалитетот на работата на училиштето изготвени од МОН и ДПИ.

Целта на самоевалуацијата е со конкретни анализи и осврт на сите области на работење на училиштето да се добие слика за квалитетот во работењето, напредокот и постигањата на училиштето , јаките но и слабите страни, за кои ќе следат предлог мерки за нивно надминување. Секако дека воочените слабости ќе ги мотивираат сите учесници (директни или индиректни) да ги вложат сопствените капацитети и искористат постојните ресурси за подобрување на условите и стандардите во училиштето. На тој начин ќе се придонесе за целосно и квалитетно реализирање на воспитно-образовниот процес.

Самоевауацијата ги издвојува и приоритетните области на делување за унапредување и осовременување на наставните и воннаставните активности. Заедничка цел на сите субјекти во училиштето е намалување на слабите страни, а одржување на јаките, издвојувајќи ги предложените слаби и јаки страни, односно ги предложува приоритетите наведени подолу во текстот. Според целосно извршената самоевалуација, Комисијата ја разгледа целокупната состојба и работа во училиштето, по следните подрачја:

| **Подрачје 1: Планирање, настава и учење** |
|---|
| **Клучни јаки страни** |
| • Анализата покажа дека училиштето им обезбедува **навремена обука** на наставниците и стручните соработници за примена на современи методи и техники за планирање на наставата односно 83,3% од испитаниците се согласни, а 16, 7% целосно согласни.<br>• **Наставните планови и програми** се во согласност со донесените програмски документи од Министерството за образование и наука и истите се реализираат во пропишаниот обем.<br>• 61,1% се согласуваат, а 33,3% целосно се согласуваат дека од страна на стручната служба, директорот и/или назначеното лице **се следат планирањата на наставниците** најмалку два пати во едно полугодие. Во однос на процедурите за давање поддршка за подобрување при изготвување на планирањата на наставниците, 38.9% се согласуваат односно 16,7% целосно се согласуваат, а 38,9% од испитаниците не се согласуваат со ова прашање.<br>• Постои **заемна соработка** на ниво на стручни активи, наставник ментор, наставници и стручната служба.<br>• Наставниците најмалку два пати во полугодието разменуваат искуства за планирањата во рамките на стручните активи и користат стручни искуства од различни медиуми, т.е 61,1% се согласуваат, а 38,9% целосно се согласуваат дека **планирањата кај најголем број од наставниците се подобрени** како резултат на размената на искуства и користење стручни искуства од различни медиуми.<br>• 72, 2% од наставниците целосно се согласуваат и 27,8% се согласуваат дека задачите и активностите ги приспособуваат на **индивидуалните образовни потреби** на учениците.<br>• Расположливите ресурси се употребуваат на функционален начин, односно 50% од испитаниците се согласуваат и 50% целосно се согласуваат околу **користењето современи приоди** во наставата како: искуствено учење, учење преку проект, учење преку решавање проблеми, учење преку игра, учење преку истражување, примена на дигитални алатки и програми итн.<br>• Наставниците се однесуваат со учениците на начин што промовира прифаќање, почитување, соработка и разбирање. Најголемиот број наставници обезбедуваат **еднакви можности** за вклучување и ги вклучуваат сите ученици за време на наставните часови.<br>• 61,1% целосно се согласуваат и 38,9% се согласуваат дека на најголем број наставни часови постои интеракција меѓу наставникот и учениците која води кон постигнување на целите на часот. На најголем број наставни часови, изборот на применуваните методи и техники овозможува интеракција помеѓу учениците.<br>• Најголем број од учениците сметаат дека можат слободно да се изразат за време на часовите односно 66,7% од наставниците се целосно согласни, 33,3% се согласни дека ги поттикнуваат учениците да поставуваат прашања кога нешто не разбираат или сакаат да знаат повеќе.<br>• Успешна реализација на слободните ученички активности<br>• За време на часовите, најголем број од учениците се поттикнати самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат.<br>• Учество на многубројни **натпревари** каде учениците се докажале каде освоиле бројни награди на градски, општински и државни натпревари.<br>• Наставниот кадар успешно соработува со **образовните асистенти** со цел за најдобар интерес на ученикот. **Инклузивниот тим** работи на професионалната ориентација за децата со посебни образовни потреби.<br>• Училиштето планира и реализира разновидни **вонаставни активности и МИО** активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците. Сите ученици се вклучени барем во една воннаставна активност. Најголем број од учениците се запознаени со воннаставните активности кои се нудат во училиштето. |

e-mail: ou-svetinaumohridski-peshtani-ohrid@schools.mk

| |
|---|
| • **Родителите** се согласуваат со наставните планови, изборот на слободните активности како и изборните предмети, како и за тоа дека нивното дете се чуствува безбедно на училиште и дека средината во која што учат е доста мотивирачка за нив |
| **Слаби страни** |
| Недоволна вклученост на наставниците во изготвувањето на наставните планови и програми од страна на МОН и БРО<br>• Неможноста за осовременување и обновување на библиотечниот фонд со нова и современа стручна литература, лектирни изданија и списанија и не функционирањето на библиотеката како ново работно место<br>• Наставниците и стручните соработници имааат дополнителна потреба од човечки и материјални ресурси за работа со ученици со посебни потреби и повеќе образовни асистенти.<br>• Препораката на наставникот е одлучувачка во изборот на воннаставната активност, како и во планирањето на содржината на работата<br>• Училиштето нема покренато иницијатива за изменување и дополнување на наставните планови и програми<br>• Родителите сметаат дека нивните деца треба да имаат повеќе достапност до материјали за учење, дека треба да се реализираат активности со ученици од различни јазици како и вклучување на учениците со повеќе воннаставни активности |
| **Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето** |
| • Натамошно усовршување на Наставните планови и програми и примена на најсовремени методи и форми на работа, наставна технологија согласно барањата на современите текови во наставата.<br>• Да се обезбедат човечки и материјални ресурси за работа со ученици со посебни потреби со што ќе се подобри инклузивниот пристап кон учениицте и пособдветен развој.<br>• Да се обезбедат современи нагледни и наставни средства за рализација на квалитетна настава<br>• Поголема вклученост на учениците во процесот на оценување на нивното знаење и постигање и информирање на формите за оценување на постигањата на учениците |
| Извори на податоци:<br>- анкети,<br>- интервјуа со наставници,<br>- ученици и родители |

| **Подрачје 2: Постигања на учениците** |
|---|
| **Клучни јаки страни** |
| • Училиштето прибира, користи и анализира податоци за **постигањата на учениците** според полот и јазикот на наставата, по сите наставни предмети, за сите квалификациски периоди.<br>• Учеството и постигањата на **воннаставните активности** континуирано се следи и евидентира.<br>• Учениците со тешкотии во учењето, надарените ученици, како и учениците со попреченост се идентификуваат согласно со пропишани процедури.<br>• Учениците добиваат континуирана поддршка за подобрување на постигањата.<br>• Училиштето има **утврден систем за известување на родителите** за напредокот на нивните деца и доследно го применува. Родителите/старателите добиваат информации за постигањата на учениците по секој квалификационен период. Родителите имаат можност да се запознаат со постигањата на своето дете преку едневникот кој уредно се води.<br>• Училиштето ги реализира **советувањата на родителите/старателите и учениците**, за што води уредна документација, ги известува надлежните институции, врши анализи на резултатите од советувањето и го следи подобрувањето на редовноста, успехот и однесувањето на учениците. Советувањата на родители/старатели резултираат со подобрување на постигањата на учениците. Советувањата на учениците, во најголем број придонесуваат за подобрување на успехот, редовноста и однесувањето<br>• Училиштето системски ја следи **редовноста на учениците**, ги анализира причините за отсуство од наставата и презема конкретни активности. Соработува со родителите/старателите, институциите (МТСП, центри за социјална работа и сл.), локалната самоуправа и со граѓанските организации за да ја зголеми редовноста на учениците во наставата. **Просечниот број неоправдани изостаноци помеѓу две интегрални евалуации е помал од пет по ученик**. Училиштето презема посебни мерки за редовно посетување на наставата од страна на ученици од ранливи категории, кои даваат резултати<br>• Најголемиот број наставници користат **методи, техники и стратегии во наставата** за подобрување на постигањата на учениците. Во текот на годината, видлива е промена во реализацијата на наставата за подобрување на постигањата.<br>• Во текот на целата учебна година, училиштето реализира **дополнителна настава** по сите предмети за кои учениците имаат тешкотии во учењето, како и диференцирана настава. Училиштето, на месечно ниво, изработува распоред за дополнителна настава и го истакнува на видно место во училиштето. Училиштето врши анализа и има докази дека дополнителната и диференцираната настава придонесуваат кон подобрување на постигањата. |
| **Слаби страни** |
| • По секој квалификациски период **не се донесува акциски план** со активности за подобрување на постигањата и квартално не се разгледуваат постигањата од Акцискиот план |
| **Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето** |
| • Училиштето треба континуирано да го следи постигањата на учениците при премин од еден во друг циклус и по завршувањето на основното и средното образовани<br>• По секој квалификациски период, на предлог на Наставничкиот совет, Училишниот одбор треба да донесува акциски план со активности за подобрување на постигањата и квартално да ги разгледува постигањата од Акцискиот план. |

| |
|---|
| **Извори на податоци:**<br>Записници од советувања на родители и ученици;<br>распоред и списоци за дополнителна и додатна настава;<br>Е-дневник;<br>извештаи за соработка со различни чинители за подобрување на постигањата |

| **Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето** |
|---|
| **Клучни јаки страни** |
| • Училиштето е **препознатливо во локалната средина** по промовирање високи постигнувања, редовност, дисциплина на учениците и соработка со локалната заедница,<br>• соодветно ги користи различните медиуми како училишен весник, социјални мрежи, ученичко катче, медиотека и сл.)<br>• Се следи кодексот на училиштето кој е транспарентно  по изработен и поставен на видно место во училиштето<br>• Постои добра **соработка** меѓу сите учесници во училишниот живот, проследена со заемно почитување  и вклученост на различните структури во активностите а училиштето<br>• Учениците се чувствуваат **безбедно и прифатено** од возрасните и од другите ученици во училиштето, закани, говор на омраза, провокации, навреди и/или пишани графити со негативни пораки се сведени на најмал минимум, благодарение на многубројните работилници против булинг.<br>• **Ученичкиот парламент** во училиштето активно се состанува и разменува искуства, исто така активно соработува со наставничкиот колектив.<br>• Сите вработени во училиштето ги знаат и ги применуваат **правата на децата** и во училиштето владее примерен однос – наставник – ученик<br>• Дворот на училиштето е хортикултурно уреден и има корпи за отпадоци<br>• Училиштето обезбедува средства за социјално загрозени семејства |
| **Слаби страни** |
| • Потребна е поголема промоција на достигнувањата од учениците<br>• Да се организираат повеќе отворени работилници каде ќе се разменува професионално знаење, но и каде сите структури вклучени во училиштето ќе имаат можност активно да учествуваат .<br>• Ученичкиот парламент не е доволно транспарентен во своите планови и активности<br>• 13% од анкетираните сметаат дека учениците немаат еднаков пристап кон училишните активности<br>• Половина испитаници се изјасниле дека хигиената во училиштето не е на завидно ниво.<br>• Незадоволителна соработка со релевантните иституции (центар за социјална работа, хуманитарни и невладини организации и деловната заедница)<br>• Според резултатите од анкетата Стручната служба во училиштето нема доволно механизми за препознавање на социо емоционалните тешкотии кај учениците, како и да ги упати до релевантни институции. |
| **Идни активности:  Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето** |
| 1. Да се оформи училишно радио со кое учениците, вработените и локалната средина ќе добиваат навремени информации и каде ќе се промовираат достигнувањата на учениците и училиштето – преку клуб кој ќе го водат самите ученици во соработка со одредени наставници<br>2. Да се организираат почести работилници каде учениците и вработените ќе ги обноват и потврдат правилата на однесување според Кодексот на училиштето |

3. Да се организираат повеќе отворени работилници каде ќе се разменува професионално знаење, но и каде сите структури вклучени во училиштето ќе имаат можност активно да учествуваат .
4. Да се прават повеќе состаноци на кои Ученичкиот парламент јасно ќе ги изрази своите цели и планови
5. Да се организираат активности од различни нивоа во кои ќе можат да се вклучат сите ученици подеднакво
6. Да се постави „Протокол за сите облици на насилство“ и начините на постапување, и да биде достапен за сите во училиштето
7. Да се одржуваат повеќе предавања за поголема лична хигиена како и за одржување на хигиена на училиштето
8. Да се прошири површината на која ќе може да се одгледува „Училишната градина“
9. Да се прошири соработката со релевантните институции за семејствата кои се социјално загрозени (центар за социјална работа, хуманитарни и невладини организации и деловната заедница)
10. Да се овозможи Стручната служба да се надогради и да изгради механизми за препознавање на социо емоционалните тешкотии кај учениците, за да може да ги упати до релевантни институции.

| **Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политика** |
|---|
| **Клучни јаки страни** |
| • Постои континуирана **соработка** меѓу управните органи на училиштето. Секој член поединечно е запознаен со своите одговорности и навремено ги извршува.<br>• Училиштето има **развоја програма и акциски план** за исполнување на истата. Постои соработка со локалната, деловната средина и со граѓанските заедници<br>• Училиштето располага со пријатно уредена **библиотека** која во својот простор има и дел за читање, како и изведување на часовите по наставните предмети. Редовно се врши збогатување на фондот на книгите, начесто преку донации<br>• Располагање со **стручен наставен кадар**, кој редовно се надградува на професионален план. Редовно се обезбедуваат обуки за професионално усовршување на наставниците<br>• Континуирано следење на работата на наставниците според претходно изготвени листи |
| **Слаби страни** |
| • Не постои навремена и транспарентна информација за управувањето со финансиските средства од страна на раководните органи пред Училишниот одбор<br>• Нема детални и навремени информации до сите субјекти вклучени во акцискиот план за **нивните должности** како истиот да се исполни<br>• Во училиштето се достапни најосновните ресурси потребни за изведување на наставната програма. **Не постои временска рамка за обезбедување на ресурсите**<br>• Програмата за професионален развој на наставниците и стручните соработници **не секогаш е изготвена врз основа на нивните лични развојни планови**<br>• Листите за оценување на наставниците не се целосно достапни и транспарентни. Потребна е поголема транспарентност за **листите за проверка** со цел наставниците подобро да се запознаат со кои аспекти од нивната работа се оценуваат и проверуваат |
| **Идни активности: Приоритетни по подрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето** |
| • Да се организира почеста и навремена информација до колективот за управувањето на училиштето со финансиските средства.<br>• Штом се изработи Акцискиот план за наредна година да се одржат неколку состаноци со кои сите вклучени субјекти детално ќе се запознаат со своите должности;<br>• Да се изработи временска рамка за обезбедување ресурси и наставни средства во училиштето; |

| |
|---|
| • Стручната служба да ги разработи подетално личните развојни планови на вработените при избирање на обуки кои ќе се во согласност со нивните потреби;<br>• Да се одржи обука во која ќе се информираат наставниците за критериумите и начинот на оценување на нивната работа од страна на управните органи. |
| Извори на податоци:<br>– Програма за работа на училишниот одбор;<br>– деловник за работа на училишниот одбор;<br>– статут на училиштето; записници, одлуки и извештаи од работата на училишниот одбор (годишни, полугодишни, посебни);<br>– развојна програма на училиштето;<br>– програма за работа на директорот;<br>– програми за професионален развој; докази за учество и дисеминација на обуки (списоци, агенди, евалуациски листи);<br>– интервјуа со наставници, родители и ученици и училишниот одбор;<br>– распоред и процедури за користење на просторот и материјлите во училиштето |

СУМАТИВНО: **ЈАКИ И СЛАБИ СТРАНИ НА УЧИЛИШТЕТО СПОРЕД РЕЗУЛТАТИТЕ**

| **ЈАКИ СТРАНИ** НА РАБОТАТА НА УЧИЛИШТЕТО |
|---|
| • Анализата покажа дека училиштето им обезбедува **навремена обука** на наставниците и стручните соработници за примена на современи методи и техники за планирање на наставата односно 83,3% од испитаниците се согласни, а 16, 7% целосно согласни.<br>• **Наставните планови и програми** се во согласност со донесените програмски документи од Министерството за образование и наука и истите се реализираат во пропишаниот обем.<br>• 61,1% се согласуваат, а 33,3% целосно се согласуваат дека од страна на стручната служба, директорот и/или назначеното лице **се следат планирањата на наставниците** најмалку два пати во едно полугодие. Во однос на процедурите за давање поддршка за подобрување при изготвување на планирањата на наставниците, 38.9% се согласуваат односно 16,7% целосно се согласуваат, а 38,9% од испитаниците не се согласуваат со ова прашање.<br>• Постои **заемна соработка** на ниво на стручни активи, наставник ментор, наставници и стручната служба.<br>• Наставниците најмалку два пати во полугодието разменуваат искуства за планирањата во рамките на стручните активи и користат стручни искуства од различни медиуми, т.е 61,1% се согласуваат, а 38,9% целосно се согласуваат дека **планирањата кај најголем број од наставниците се подобрени** како резултат на размената на искуства и користење стручни искуства од различни медиуми.<br>• 72, 2% од наставниците целосно се согласуваат и 27,8% се согласуваат дека задачите и активностите ги приспособуваат на **индивидуалните образовни потреби** на учениците.<br>• Расположливите ресурси се употребуваат на функционален начин, односно 50% од испитаниците се согласуваат и 50% целосно се согласуваат околу **користењето современи приоди** во наставата како: искуствено учење, учење преку проект, учење преку решавање проблеми, учење преку игра, учење преку истражување, примена на дигитални алатки и програми итн.<br>• Наставниците се однесуваат со учениците на начин што промовира прифаќање, почитување, соработка и разбирање. Најголемиот број наставници обезбедуваат **еднакви можности** за вклучување и ги вклучуваат сите ученици за време на наставните часови.<br>• 61,1% целосно се согласуваат и 38,9% се согласуваат дека на најголем број наставни часови постои интеракција меѓу наставникот и учениците која води кон постигнување на целите на часот. На |

најголем број наставни часови, изборот на применуваните методи и техники овозможува интеракција помеѓу учениците.

- Најголем број од учениците сметаат дека можат слободно да се изразат за време на часовите односно 66,7% од наставниците се целосно согласни, 33,3% се согласни дека ги поттикнуваат учениците да поставуваат прашања кога нешто не разбираат или сакаат да знаат повеќе.
- Успешна реализација на слободните ученички активности
- За време на часовите, најголем број од учениците се поттикнати самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат.
- Учество на многубројни **натпревари** каде учениците се докажале каде освоиле бројни награди на градски, општински и државни натпревари.
- Наставниот кадар успешно соработува со **образовните асистенти** со цел за најдобар интерес на ученикот. **Инклузивниот тим** работи на професионалната ориентација за децата со посебни образовни потреби.
- Училиштето планира и реализира разновидни **воннаставни активности и МИО** активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците. Сите ученици се вклучени барем во една воннаставна активност. Најголем број од учениците се запознаени со воннаставните активности кои се нудат во училиштето.
- **Родителите** се согласуваат со наставните планови, изборот на слободните активности како и изборните предмети, како и за тоа дека нивното дете се чуствува безбедно на училиште и дека средината во која што учат е доста мотивирачка за нив.
- Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигањата на учениците според полот и јазикот на наставата, по сите наставни предмети, за сите квалификациски периоди.
- Учеството и постигањата на воннаставните активности континуирано се следи и евидентира.
- Учениците со тешкотии во учењето, надарените ученици, како и учениците со попреченост се идентификуваат согласно со пропишани процедури.
- Учениците добиваат континуирана поддршка за подобрување на постигањата.
- Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. Родителите/старателите добиваат информации за постигањата на учениците по секој квалификационен период. Родителите имаат можност да се запознаат со постигањата на своето дете преку едневникот кој уредно се води.
- Училиштето ги реализира советувањата на родителите/старателите и учениците, за што води уредна документација, ги известува надлежните институции, врши анализи на резултатите од советувањето и го **следи подобрувањето на редовноста, успехот и однесувањето на учениците**. Советувањата на родители/старатели резултираат со подобрување на постигањата на учениците. Советувањата на учениците, во најголем број придонесуваат за подобрување на успехот, редовноста и однесувањето
- Училиштето системски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од наставата и презема конкретни активности. Соработува со родителите/старателите, институциите (МТСП, центри за социјална работа и сл.), локалната самоуправа и со граѓанските организации за да ја зголеми редовноста на учениците во наставата. **Просечниот број неоправдани изостаноци помеѓу две интегрални евалуации е помал од пет по ученик.** Училиштето презема посебни мерки за редовно посетување на наставата од страна на ученици од ранливи категории, кои даваат резултати
- Најголемиот број наставници користат методи, техники и стратегии во наставата за подобрување на постигањата на учениците. Во текот на годината, видлива е промена во реализацијата на наставата за подобрување на постигањата.
- Во текот на целата учебна година, училиштето **реализира дополнителна настава** по сите предмети за кои учениците имаат тешкотии во учењето, како и диференцирана настава. Училиштето, на месечно ниво, изработува распоред за дополнителна настава и го истакнува на видно место во училиштето. Училиштето врши анализа и има докази дека дополнителната и диференцираната настава придонесуваат кон подобрување на постигањата.

| |
|---|
| • Училиштето е **препознатливо во локалната средина по промовирање високи постигнувања, редовност, дисциплина на учениците и соработка со локалната заедница,**<br>• соодветно ги користи различните медиуми како училишен весник, социјални мрежи, ученичко катче, медиотека и сл.)<br>• Се следи кодексот на училиштето кој е транспарентно по изработен и поставен на видно место во училиштето<br>• Постои добра соработка меѓу сите учесници во училишниот живот, проследена со заемно почитување и вклученост на различните структури во активностите а училиштето<br>• Учениците се чувствуваат безбедно и прифатено од возрасните и од другите ученици во училиштето, закани, говор на омраза, провокации, навреди и/или пишани графити со негативни пораки се сведени на најмал минимум, благодарение на многубројните работилници против булинг.<br>• Ученичкиот парламент во училиштето активно се состанува и разменува искуства, исто така активно соработува со наставничкиот колектив.<br>• Сите вработени во училиштето ги знаат и ги применуваат **правата на децата** и во училиштето владее примерен однос – наставник – ученик<br>• **Дворот на училиштето е хортикултурно уреден** и има корпи за отпадоци<br>• Училиштето обезбедува средства за социјално загрозени семејства<br>• Постои континуирана соработка меѓу управните органи на училиштето. Секој член поединечно е запознаен со своите одговорности и навремено ги извршува.<br>• Училиштето има развоја програма и акциски план за исполнување на истата. Постои соработка со локалната, деловната средина и со граѓанските заедници<br>• Училиштето **располага со пријатно уредена библиотека** која во својот простор има и дел за читање, како и изведување на часовите по наставните предмети. Редовно се врши збогатување на фондот на книгите, начесто преку донации<br>• Располагање со стручен наставен кадар, кој редовно се надградува на професионален план. Редовно се обезбедуваат обуки за професионално усовршување на наставниците<br>• Континуирано следење на работата на наставниците според претходно изготвени листи |

| **СЛАБИ СТРАНИ** НА РАБОТАТА НА УЧИЛИШТЕТО |
|---|
| • Недоволна вклученост на наставниците во изготвувањето на наставните планови и програми од страна на МОН и БРО<br>• Неможноста за осовременување и обновување на библиотечниот фонд со нова и современа стручна литература, лектирни изданија и списанија и не функционирањето на библиотеката како ново работно место<br>• Наставниците и стручните соработници имааат дополнителна потреба од човечки и материјални ресурси за работа со ученици со посебни потреби и повеќе образовни асистенти.<br>• Препораката на наставникот е одлучувачка во изборот на воннаставната активност, како и во планирањето на содржината на работата<br>• Училиштето нема покренато иницијатива за изменување и дополнување на наставните планови и програми<br>• Родителите сметаат дека нивните деца треба **да имаат повеќе достапност до материјали за учење,** дека треба да се реализираат активности со ученици од различни јазици како и вклучување на учениците со повеќе воннаставни активности<br>• По секој квалификациски период не се донесува акциски план со активности за подобрување на постигањата и квартално не се разгледуваат постигањата од Акцискиот план<br>• Потребна е поголема промоција на достигнувањата од учениците<br>• **Да се организираат повеќе отворени работилници** каде ќе се разменува професионално знаење, но и каде сите структури вклучени во училиштето ќе имаат можност активно да учествуваат .<br>• Ученичкиот парламент не е доволно транспарентен во своите планови и активности |

- 13% од анкетираните сметаат дека учениците немаат еднаков пристап кон училишните активности
- Половина испитаници се изјасниле дека хигиената во училиштето не е на завидно ниво.
- Незадоволителна соработка со релевантните иституции (центар за социјална работа, хуманитарни и невладини организации и деловната заедница)
- Според резултатите од анкетата Стручната служба во училиштето нема доволно механизми за препознавање на социо емоционалните тешкотии кај учениците, како и да ги упати до релевантни институции.
- Не постои навремена и транспарентна информација за управувањето **со финансиските средства** од страна на раководните органи пред Училишниот одбор
- Нема детални и навремени информации до сите субјекти вклучени во акцискиот план за нивните должности како истиот да се исполни
- Во училиштето се достапни најосновните ресурси потребни за изведување на наставната програма. Не постои временска рамка за обезбедување на ресурсите
- Програмата за професионален развој на наставниците и стручните соработници не секогаш е изготвена врз основа на нивните лични развојни планови
- **Листите за оценување на наставниците не се целосно достапни и транспарентни**. Потребна е поголема транспарентност за листите за проверка со цел наставниците подобро да се запознаат со кои аспекти од нивната работа се оценуваат  и проверуваат

## ПРЕДЛОГ МЕРКИ ЗА ПОДОБРУВЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА РАБОТАТА НА УЧИЛИШТЕТО

- Натамошно усовршување на Наставните планови и програми и примена на најсовремени методи и форми на работа, наставна технологија согласно барањата на современите текови во наставата.
- Да се обезбедат човечки и материјални ресурси за работа со ученици со **посебни потреби** со што ќе се подобри инклузивниот пристап кон ученииците и сосоодветен развој.
- Да се обезбедат **современи нагледни и наставни средства** за рализација на квалитетна настава
- Поголема вклученост на учениците во процесот  на оценување на нивното знаење и постигање и информирање на формите за оценување на постигањата на учениците
- Училиштето треба континуирано да го следи постигањата на учениците при премин од еден во друг циклус и по завршувањето на основното и средното образовани
- По секој квалификациски период, на предлог на Наставничкиот совет, Училишниот одбор треба да донесува акциски план со активности за подобрување на постигањата и квартално да ги разгледува постигањата од Акцискиот план.
- **Да се оформи училишно радио** со кое учениците, вработените и локалната средина ќе добиваат навремени информации и каде ќе се промовираат достигнувањата на учениците и училиштето – преку клуб кој ќе го водат самите ученици во соработка со одредени наставници
- Да се организираат **почести работилници** каде учениците и вработените ќе ги обноват и потврдат правилата на однесување според Кодексот на училиштето
- Да се организираат повеќе отворени работилници каде ќе се разменува професионално знаење, но и каде сите структури вклучени во училиштето ќе имаат можност активно да учествуваат .
- Да се прават повеќе состаноци на кои **Ученичкиот парламент** јасно ќе ги изрази своите цели и планови
- Да се организираат активности од различни нивоа во кои ќе можат да се вклучат сите ученици подеднакво
- Да се постави „**Протокол за сите облици на насилство“ и начините на постапување**, и да биде достапен за сите во училиштето

- Да се одржуваат повеќе предавања за поголема лична хигиена како и за одржување на хигиена на училиштето
- Да се прошири површината на која ќе може да се одгледува „Училишната градина“
- Да се прошири соработката со релевантните институции за семејствата кои се социјално загрозени (центар за социјална работа, хуманитарни и невладини организации и деловната заедница)
- Да се овоможи Стручната служба да се надогради и да изгради механизми за препознавање на социо емоционалните тешкотии кај учениците, за да може да ги упати до релевантни институции
- Да се организира почеста и навремена информација до колективот за управувањето на училиштето со финансиските средства.
- Штом се изработи Акцискиот план за наредна година да се одржат неколку состаноци со кои сите вклучени субјекти детално ќе се запознаат со своите **должности;**
- Да се изработи временска рамка за обезбедување ресурси и наставни средства во училиштето;
- Стручната служба да ги разработи **подетално личните развојни планови на вработените** при избирање на обуки кои ќе се во согласност со нивните потреби;
- Да се одржи **обука во која ќе се информираат наставниците за критериумите и начинот на оценување** на нивната работа од страна на управните органи.

**Комисија за спроведување СЕУ:**

1. Стручна служба – Сања Ангелеска (Педагог)
2. Родител – Бети Тупоска (член на Совет на родители и претставник од Локална самоуправа)
3. Одделенски наставник - Лила Каранфилоска (Координатор на 1 подрачје)
4. Предметен наставник - Мартина Гугоска (Координатор на 2 подрачје)
5. Предметен наставник - Маја Цветкоска (Координатор на 3 подрачје )
6. Предметен наставник - Сирма Ставреска (Координатор на 4 подрачје)

**Јуни 2024**